Врз основа на член 157 и член 158 од Законот за основно образование и член 101, 101 – а и 102 од Законот за средно образование со програма се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

За програмата Н1 – основно образование проширувањето се прави во наменската дотација, како пренесен вишок на приходи од минати години во 2022 година во износ од 12.853.961 денар од кои 10.232.961 денар за комунални услуги, 186.000 денари за ситен инвентар, 500.000 денари за поправки и тековно одржување, 1.576.992 денари за договорни услуги и 358.008 денари за други тековни расходи.

За програмата Н2 – средно образование проширувањето се прави во наменската дотација, како пренесен вишок на приходи од минати години во 2022 година во износ од 48.869.552 денари од кои 11.440.000 денари се за комунални услуги, 13.527.362 денари за договорни услуги, 200.000 денари за други тековни расходи, 1.000.000 денари за разни трансфери, 4.762.070 денари за купување на опрема и машини, 16.975.057 денари за други градежни објекти и 965.063 денари за купување на мебел.

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**Проширување на програмата за јавни дејности (образование )**
**во Општина Битола за 2022 година**

| р.бр. | Програма | Ставка | Опис | Дотации |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Н1 | 421110 | Електрична енергија | 3.172.961 |
| 2 | Н1 | 421240 | Течни горива | 7.000.000 |
| 3 | Н1 | 421310 | Пошта | 60.000 |
| 4 | Н1 | 423110 | Канцелариски материјали | 186.000 |
| 5 | Н1 | 424220 | Услуги за обезбедување на објекти | 500.000 |
| 6 | Н1 | 425490 | Други здравствени услуги систематски прегледи | 236.992 |
| 7 | Н1 | 425760 | Превозни услуги во образованието | 1.340.000 |
| 8 | Н1 | 426990 | Други оперативни расходи | 358.008 |
| | | | **Вкупно:** | **12.853.961** |
| | | | | |
| 1 | Н2 | 421110 | Електрична енергија | 9.000.000 |
| 2 | Н2 | 421240 | Течни горива | 2.440.000 |
| 3 | Н2 | 425760 | Превозни услуги во образованието | 13.527.362 |
| 4 | Н2 | 426310 | Семинари и конференции | 200.000 |
| 5 | Н2 | 464990 | Други трансфери | 1.000.000 |
| 6 | Н2 | 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 1.735.000 |
| 7 | Н2 | 480190 | Купување на друга опрема | 3.027.070 |
| 8 | Н2 | 482930 | Реконструкција на други објекти | 16.932.057 |
| 9 | Н2 | 482940 | Надзор над изградба | 43.000 |
| 10 | Н2 | 483120 | Купување на училишен мебел | 965.063 |
| | | | **Вкупно:** | **48.869.552** |

Програмата овозможува буџетско следење, транспарентност и ефикасност на обезбедените средства за спроведување на родовото буџетирање.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за јавни дејности и Одделението за јавни дејности при Секторот за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија на Општина Битола.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“ и ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за јавни дејности (образование) на Општина Битола за 2023 година.

Бр.09-47/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за обезбедени средства за надоместок за експропријација на недвижен имот за изградба на комунална инфраструктура во Општина Битола

1.Ја објавувам Одлуката за обезбедени средства за надоместок за експропријација на недвижен имот за изградба на комунална инфраструктура во Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 15.03.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-298/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
17.03.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 26 став 1 точка 6, а во врска со член 19 од Законот за експропријација („Службен весник на РМ“ бр. 95/12 , 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16,178/16 и „Службен весник на РСМ“ бр.122/2021) и член 70 Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на општина Битола на седницата одржана на 15.03.2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## за обезбедени средства за надоместок за експропријација на недвижен имот за изградба на комунална инфраструктура во Општина Битола

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува обезбедување на средства за надоместок за експропријација на недвижен имот за изградба на комунална инфраструктура во Општина Битола (општински патишта, водоводи, канализација и др.) во градот и населените места во Општина Битола.

**Член 2**

Изградбата на комуналната инфаструктура (општински патишта, водоводи, канализација и др.) е предвидена во Буџетот на Општина Битола за 2022 година.

**Член 3**

Надоместокот за експроприраната недвижност ќе се врши во парични средства или со давање на друга недвижност соодветна на експропроираната недвижност (замена).

**Член 4**

Средствата за надоместокот за експропријација на недвижен имот за изградба на комунална инфраструктура се обезбедени во Буџетот на Општина Битола за 2022 година во програма ЈД-изградба и реконструкција на локални патишта и улици, Ставка -485420 надомест за одзен имот, во износ од 8.000.000 денари.

**Член 5**

Надоместокот за експропријација со давање на друга соодветна недвижност (замена) ќе се врши со недвижност во сопственост на општина Битола.

**Член 6**

Надоместокот за експропријација од членовите 3 и 5 на оваа Одлука ќе се изврши врз основа на спогодба за надоместок односно правосилна судска одлука.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-47/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за свикување на Собрание на акционери на Акционерското друштво ФК ПЕЛИСТЕР АД Битола

1.Ја објавувам Одлуката за свикување на Собрание на акционери на Акционерското друштво ФК ПЕЛИСТЕР АД Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 15.03.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-298/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
17.03.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа член 22 и 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 15.03.2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## за свикување на Собрание на акционери на Акционерското друштво ФК ПЕЛИСТЕР АД Битола

**Член 1**

Врз основа на член 34 од Статутот на ФК Пелистер АД Битола, а во врска со членовите 385 став 1 и 2 и член 387 став 2 од Законот за трговски друштва се донесува Одлука за свикување на Собрание на акционери на Акционерското друштво ФК ПЕЛИСТЕР АД Битола.

**Член 2**

За овластен претставник кој ќе ги врши работите од надлежност на Собранието на Друштвото ФК Пелистер АД Битола за ОПШТИНА БИТОЛА Битола се именува лицето Спасе Ристевски.

Се овластува претставникот Спасе Ристевски да ги превземе сите дејствија и активности во претставување на ОПШТИНА БИТОЛА во Собранието на акционери, како и да ги донесе потребните одлуки за избор на органите на управување.

**Член 3**

Со влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката Бр.09-11/21 од 06.02.2020год.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-47/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за прифаќање на противпожарна опрема за потребите на ТППЕ - Битола

1.Ја објавувам Одлуката за прифаќање на противпожарна опрема за потребите на ТППЕ - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 15.03.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-298/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
17.03.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), а во врска со член 1 став 1.2 од Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема на Градот Скопје и Општините Битола, Куманово, Тетово, Прилеп, Велес, Кавадарци, Гевгелија, Струмица, Кичево, Охрид, Кочани, Штип и Гостивар со бр.44-1357/1 од 02.03.2022 година на Владата на РСМ, Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.03.2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## за прифаќање на противпожарна опрема за потребите на ТППЕ - Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Битола ја прифаќа противпожарната опрема за потребите на ТППЕ Битола која се состои од:

1 комплет/сет спасувачки систем за стабилизирање и подигање при елементарни непогоди (земјотреси) и комплексни сообраќајни незгоди (автобуси, тешки товарни возила и слично), со номенклатурен број 3905-0000-1860-0 и

1 комплет/сет за спасување од поплави, кој содржи:

| Реден број | Назив | Единица мерка | Количина | Номенклатурен број |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Агрегат ESE 904, 7 kв | парче | 1 | 3405-0000-7979-1 |
| 2 | Пумпа потопна TP 8 1N | парче | 2 | 5810-0000-0127-1 |
| 3 | Црево пп ф52 л-15 | парче | 3 | 7720-0000-8937-1 |
| 4 | Јаже теничко 15 метри | парче | 1 | 4155-0000-9641-9 |
| 5 | Рефлектор со постоље | парче | 1 | 3615-0000-0056-0 |
| 6 | Клуч за спојка универзален | парче | 1 | 7720-1027-5713-2 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-47/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот не усвојување на Решението за разрешување и именување на претставник од Установата за член во Управниот одбор на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“-Битола**

1. Го објавувам Заклучокот за не усвојување на Решението за разрешување и именување на претставник од Установата за член во Управниот одбор на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“-Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 15.03.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-298/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
17.03.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 130 став 4 алинеа 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр.23/13...198/18 и („Службен весник на РСМ“ бр.104/19..275/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.03.2022 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за не усвојување на Решението за разрешување и именување на претставник од Установата за член во Управниот одбор на ЈОУДГ ,,Естреја Овадија Мара“-Битола**

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Решението за разрешување и именување на претставник од Установата за член во Управниот одбор на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“-Битола.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-47/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот не усвојување на Решението за разрешување и именување на претставник од Установата за член во Управниот одбор на ЈОУДГ ,,Мајски Цвет“-Битола**

1. Го објавувам Заклучокот за не усвојување на Решението за разрешување и именување на претставник од Установата за член во Управниот одбор на ЈОУДГ ,,Мајски Цвет“-Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 15.03.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-298/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
17.03.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 130 став 4 алинеа 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр.23/13...198/18 и („Службен весник на РСМ“бр.104/19..275/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.03.2022 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК
## за не усвојување на Решението за разрешување и именување на претставник од Установата за член во Управниот одбор на ЈОУДГ „Мајски Цвет“-Битола

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Решението за разрешување и именување на претставник од Установата за член во Управниот одбор на ЈОУДГ „Мајски Цвет“-Битола.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-47/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за предлагање на претставник од Општина Битола во Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Битола

1. Го објавувам Решението за предлагање на претставник од Општина Битола во Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 15.03.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-298/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
17.03.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 100 од Законот за социјална заштита („Службен весник на РМ“ бр. 79/09...150/15), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.03.2022 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за предлагање на претставник од Општина Битола во Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Битола

1. За претставник од Општина Битола во Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Битола, се предлага лицето Наташа Ташкова Поповска, дипл. учител, од Битола, Ул.„Коле Лачето“бр.23А.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-47/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за проширување на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2022 година

1. Ја објавувам Програмата за проширување на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола во 2022 година, донесена на седницата на Советот на општината Битола одржана на 15.03.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-298/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
17.03.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 22, став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („ Службен весник на Р.М.''бр.05/02), член 39 и член 40 од Законот за урбанистичко планирање („ Службен весник на РСМ'' бр.32/20) и член 70 од Статутот на Општина Битола („ Службен гласник на Општина Битола'' бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.03.2022 година, донесе:

## П Р О Г Р А М А
## за проширување на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2022 година

Во Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола во 2022 година се врши проширување и тоа:

**Во точка 6 – УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ ЗА ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН после точката 6.4 се додаваат точките:**

**6.5 -** УП вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – објекти за времено домување на КП 567/2 КО Нижеполе,

**6.6** – УП вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична централа на КП 298 КО Кравари – вон град,

**6.7** – УП за изградба на хотелски комплекс на КП 98 КО Брусник,

**6.8** – УП вон опфат на урбанистички план за изградба фотоволтаична централа на КП 541/2 и 541/3 КО Драгожани,

**6.9** – УП вон опфат на урбанистички план за изградба фотоволтаична централа на КП 778 КО Логоварди,

**6.10** – УП вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана на КП 731/2 и КП 732/1, КО Трн.

Во делот **ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ во точка 5, во делот задолжени за реализација на Програмата се додава и Одделението за спроведување на Урбанистички планови.**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општината Битола''.

Бр.09-47/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување на Иницијативата за поднесување на барање до Владата на РСМ за отстапување на Детско одморалиште Пелистер на Општина Битола, со цел негово рестартирање како јавно детско одморалиште со намена одмор и рекреација

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување на Иницијативата за поднесување на барање до Владата на РСМ за отстапување на Детско одморалиште Пелистер на Општина Битола, со цел негово рестартирање како јавно детско одморалиште со намена одмор и рекреација, со цел отворање сместувачки капацитет за стари лица, донесена на седницата на Советот на општината Битола одржана на 15.03.2022 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-298/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
17.03.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 22 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Служ-бен весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.03.2022 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување на Иницијатива за поднесување на барање до Владата на РСМ за отстапување на Детско одморалиште Пелистер на Општина Битола, со цел негово рестартирање како јавно детско одморалиште со намена одмор и рекреација

1. СЕ УСВОЈУВА Иницијатива за поднесување на барање до Владата на РСМ за отстапување на Детско одморалиште Пелистер на Општина Битола, со цел негово рестартирање како јавно детско одморалиште со намена одмор и рекреација.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавен во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-47/17 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување на Иницијатива за донација на Хуманитарна помош за збратимениот град на Општина Битола Кременчук во Р.Украина

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување на Иницијатива за донација на Хуманитарна помош за збратимениот град на Општина Битола Кременчук во Р.Украина, донесена на седницата на Советот на општината Битола одржана на 15.03.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-298/16 ГРАДОНАЧАЛНИК
17.03.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 22 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.03.2022 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување на Иницијатива за донација на Хуманитарна помош за збратимениот град на Општина Битола Кременчук во Р.Украина

1. СЕ УСВОЈУВА Иницијатива за донација на Хуманитарна помош за збратимениот град на Општина Битола Кременчук во Р.Украина.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавен во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-47/18 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

# С О Д Р Ж И Н А

З А К Л У Ч О К за усвојување Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал од 2021 година ............................................................ 1

ЗАВРШНА СМЕТКА на Буџетот на Општина Битола за 2021 година............................................. 2

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишниот Извештај за работата на Општината Битола за 2021 година ............................................................ 5

О Д Л У К А за проширување на средствата на Буџетот на општина Битола .................................. 6

О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Битола за 2022 година........................... 8

И З М Е Н А и ДОПОЛНУВАЊЕ на Буџетски календар за 2022 година ...................................... 10

П Р О Г Р А М А за проширување на Програмата за јавни дејности (образование) на Општина Битола за 2022 година......................... 11

О Д Л У К А за обезбедени средства за надоместок за експропријација на недвижен имот за изградба на комунална инфраструктура во Општина Битола .................. 12

О Д Л У К А за свикување на Собрание на акционери на Акционерското друштво ФК ПЕЛИСТЕР АД Битола ................................ 13

О Д Л У К А за прифаќање на противпожарна опрема за потребите на ТППЕ - Битола.............. 14

ЗАКЛУЧОК за не усвојување на Решението за разрешување и именување на претставник од Установата за член во Управниот одбор на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“-Битола ............ 15

ЗАКЛУЧОК за не усвојување на Решението за разрешување и именување на претставник од Установата за член во Управниот одбор на ЈОУДГ „Мајски Цвет“-Битола............................. 16

Р Е Ш Е Н И Е за предлагање на претставник од Општина Битола во Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Битола ................................................................... 16

П Р О Г Р А М А за проширување на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2022 година ......................... 17

З А К Л У Ч О К за усвојување на Иницијатива за поднесување на барање до Владата на РСМ за отстапување на Детско одморалиште Пелистер на Општина Битола, со цел негово рестартирање како јавно детско одморалиште со намена одмор и рекреација..... 18

З А К Л У Ч О К за усвојување на Иницијатива за донација на Хуманитарна помош за збратимениот град на Општина Битола Кременчук во Р.Украина......................... 18

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211